
ЦРВЕНКАПА
Топер


ЦРВЕНКАПА


ЦРВЕНКАПА ЖИВЕЕШЕ ВО ЕДНА
УБАВА КУЌИЧКА НА КРАЈОТ ОД
ШУМАТА.....

БЕШЕ МНОГУ ДОБРО
И СЛАТКО ДЕВОЈЧЕ.
ЧЕСТО ОДЕШЕ КАЈ СВОЈАТА
БАБИЧКА ОД ДРУГАТА
СТРАНА НА ШУМАТА, КОЈА Й
ИМАШЕ ПОДАРЕНО ЕДНА
ЦРВЕНА НАМЕТКА СО ШИРОКА
КАПА ЗА ДА Й СЕ НАЈДЕ
КОГА Е СТУДЕНО. ЦРВЕНКАПА
ЈА ЗАСАКА ЦРВЕНАТА
НАМЕТКА ТОЛКУ МНОГУ
ШТО НИКОГАШ НЕ ЈА
СОБЛЕКУВАШЕ. ЗАТОА Й ГО
ДАДОА ПРЕКАРОТ ЦРВЕНКАПА.
ЕДЕН ДЕН, МАЈКА Й НА
ЦРВЕНКАПА Й ДАДЕ ЕДНА
КОШНИЧКА И Й РЕЧЕ: "ОДНЕСИ Й НА
БАБА ТИ МАЛКУ ПОГАЧА И
ВИНО. ОДИ БРЗО, ЗАШТО
ТАА Е БОЛНА, НО НЕ



ПОМИНУВАЈ НИЗ ШУМАТА ЗАШТО ВО КРАЈОВ СЕ ПОЈАВИЛ ГОЛЕМ И ЛОШ ВОЛК!"

ЦРВЕНКАПА ВЕТИ ДЕКА ЌЕ НАПРАВИ ТАКА И ПОЈДЕ ПО ПАТОТ. КОГА ДОЈДЕ ДО ЕДНА КРСТОСНИЦА, ПОМИСЛИ: "ЌЕ ВНИМАВАМ КОЛКУ ШТО МОЖАМ И ЌЕ ПОМИНАМ НИЗ ШУМАТА МЕСТО ДА ОДАМ НАОКОЛУ. ТАКА ЌЕ МОЖАМ ДА Ѝ НАБЕРАМ ЦВЕЌИЊА НА МОЈАТА БАБИЧКА".

ТАКА И НАПРАВИ. МАЛКУ ПОДОЦНА НАИДЕ НА УБАВА ПОЛЈАНА ПРЕПОЛНА СО РАЗНОБОЈНИ ЦВЕЌИЊА. ЗАПРЕ И ПОЧНА ДА ГИ БЕРЕ. И, ТОКМУ ОТТУКА





ПОМИНУВАШЕ ВОЛКОТ,
КОЈ ЈА ВИДЕ И ВЕДНАШ СИ
ПОМИСЛИ КАКОВ СЛАДОК
ЗАЛАК ЌЕ МУ БИДЕ. ОДЕЈЌИ
УШТЕ МАЛКУ ПОНАПРЕД,
ЈА ВИДЕ КОШНИЧКАТА И
ВЕДНАШ ПОГОДИ ДЕКА
ЦРВЕНКАПА ЈА НОСИ КАЈ
НЕКОГО. МУ ТЕКНА ДА СИ
ДОЗВОЛИ УШТЕ ПОБОГАТ
РУЧЕК И ПОЧНА ДА СЕ
РАСПРАШУВА:
"ДОБАР ДЕН ЦРВЕНКАПО,
КАДЕ ОДИШ?" - ЈА ПРАША.
" НОСАМ ВИНО И ПОГАЧА
НА МОЈАТА БОЛНА БАБА,
ТАМУ ДОЛУ НА КРАЈОТ ОД ШУМАТА".
„А, ТАКА! ГЛЕДАМ ДЕКА Ѝ
БЕРЕШ ЦВЕЌИЊА, КОЛКУ
ДОБРО ДЕВОЈЧЕ СИ ТИ!



А СЕГА ИЗВИНИ, МОРАМ ДА ОДАМ, МНОГУ СЕ БРЗАМ" - ОДГОВОРИ ВОЛКОТ И СИ ЗАМИНА.

"КОЛКУ Е ЉУБЕЗЕН", ПОМИСЛИ ЦРВЕНКАПА БЕРЕЈЌИ ЦВЕЌИЊА. ЗА ТОА ВРЕМЕ ВОЛКОТ СТАСА ДО КУЌАТА НА БАБАТА И ЗАТРОПА НА ВРАТАТА.

"САМО ВЛЕЗИ, ЦРВЕНКАПО", РЕЧЕ БАБАТА КОЈА ЈА ЧЕКАШЕ. ВОЛКОТ ТОГАШ ВЛЕЗЕ, СЕ НАФРЛИ ВРЗ КУТРАТА БАБИЧКА И ЈА ПРОГОЛТА ВО ЕДЕН ЗАЛАК. ПОТОА, ЈА ОБЛЕЧЕ НОШНИЦАТА И ЛЕГНА МЕСТО НЕА ВО КРЕВЕТОТ.

ПО НЕКОЛКУ МИНУТИ ПРИСТИГНА ВНУКА Ѝ И ЗАТРОПА НА ВРАТАТА.





ВОЛКОТ СЕ ВОВЛЕЧЕ ПОД ЧАРШАВИТЕ СЀ ДО УШИТЕ И Ѝ РЕЧЕ ДА ВЛЕЗЕ. ШТОМ ДОЈДЕ ДО КРЕВЕТОТ, ЦРВЕНКАПА ВИДЕ ДЕКА БАБА Ѝ ИМА ОГРОМНИ ВЛАКНЕСТИ УШИ И РЕЧЕ: "БАБО, ЗОШТО ТИ СЕ ТОЛКУ ГОЛЕМИ УШИТЕ?"
"ЗА ДА ТЕ СЛУШАМ ПОДОБРО, ВНУЧКО" - ОДГОВОРИ ВОЛКОТ.
"БАБИЧКЕ, А ЗОШТО ТИ СЕ ТОЛКУ ГОЛЕМИ ОЧИТЕ?"
"ЗА ДА ТЕ ВИДАМ ПОДОБРО, МИЛА".
"А ЗОШТО ИМАШ ТОЛКУ ГОЛЕМА УСТА?" "ЗА ДА ТЕ ИЗЕДАМ ПОЛЕСНО" - РЕЧЕ ВОЛКОТ, РИПНА ОД КРЕВЕТОТ И ВО ЕДЕН ЗАЛАК ЈА ИЗЕДЕ И ЦРВЕНКАПА.



ВЕЌЕ ЗАСИТЕН, ВОЛКОТ
ПОВТОРНО СЕ ВРАТИ ВО
КРЕВЕТОТ И ВЕДНАШ ЗАСПА,
А ОД НЕГОВОТО ГРЧЕЊЕ СÈ СЕ
ТРЕСЕШЕ НАОКОЛУ.
ЕДЕН ЛОВЕЦ ДОАЃАШЕ ПО
ПАТЕКАТА И КОГА НАБЛИЖИ ДО
КУЌАТА НА БАБАТА, СЕ ЗАГРИЖИ
ПОРАДИ ТОА СИЛНО ГРЧЕЊЕ
БИДЕЈЌИ ЗНАЕШЕ ДЕКА
БАБАТА Е БОЛНА. ЗАТОА,
МНОГУ ТИВКО И ПОЛЕКА
ВЛЕЗЕ ВО КУЌАТА. КОЛКУ
БЕШЕ ГОЛЕМО НЕГОВОТО
ИЗНЕНАДУВАЊЕ КОГА МЕСТО
БАБАТА, ВО КРЕВЕТОТ ГО ВИДЕ
ВОЛКОТ ШТО ГО ГОНЕШЕ СО
ДЕНОВИ. СЕ ДОБЛИЖИ ДО
КРЕВЕТОТ И УШТЕ
ПОВЕЌЕ СЕ





ЗАЧУДИ КОГА СЛУШНА
ГЛАСОВИ ШТО ДОАЃАА ОД
МЕВОТ НА ВОЛКОТ.
МУ ТЕКНА ВЕДНАШ ЧИИ СЕ
ГЛАСОВИТЕ, ПА ПОБРЗА ДА
МУ ГО ОТВОРИ МЕВОТ, ОД
КАДЕ ШТО ИЗЛЕГОА ЦРВЕНКАПА
И БАБА Ѝ. ПРЕСРЕЌНИ ГО
ГУШНАА ЛОВЕЦОТ. ВОЛКОТ ОД
СЕТО ТОА НЕ ПОЧУВСТВУВА
НИШТО И ПРОДОЛЖИ ДА
СПИЕ. ТОГАШ БАБИЧКАТА
ДОБИ ЕДНА ИДЕЈА: ПОЧНА ДА
МУ ГО ПОЛНИ МЕВОТ НА
ВОЛКОТ СО КАМЕЊА, А ПОТОА
МУ ГО СОШИ МНОГУ УБАВО ЗА ДА
НЕ ЗАБЕЛЕЖИ НИШТО КОГА ЌЕ СЕ
РАЗБУДИ. ПОТОА, СЕ СОКРИЈА
ВО БЛИЗИНА. ВОЛКОТ,
НАБРЗО СЕ РАЗБУДИ





И ПОЧУВСТВУВА ДЕКА Е
ЖЕДЕН. СТАНА ОД КРЕВЕТОТ
И ПОЈДЕ ДО РЕКАТА ШТО СЕ
НАОЃАШЕ ВО БЛИЗИНА.
ДОЈДЕ ДО БРЕГОТ И СЕ НАВЕДНА
ЗА ДА СЕ НАПИЕ ВОДА, НО
ПОРАДИ ТЕЖИНАТА НА
КАМЕЊАТА ВО МЕВОТ, ЗАГУБИ
РАМНОТЕЖА И ПАДНА ВО
РЕКАТА ПОТОНУВАЈЌИ
ВЕДНАШ НА ДНОТО. ЛОВЕЦОТ,
БАБАТА И ЦРВЕНКАПА
ИЗЛЕГОА ОД ГРМУШКАТА ВО
КОЈАШТО БЕА СОКРИЕНИ И
РАДОСНО СЕ ПРЕГРНАА.
ОД ТОГАШ, ЦРВЕНКАПА МНОГУ
ВНИМАВАШЕ ДА НЕ НАВЛЕГУВА
САМА ВО ШУМАТА И ДА НЕ ИМ
ВЕРУВА НА НЕПОЗНАТИ.

Прашања:

1. Дали ви се допадна приказната?
2. Кој е главен лик во приказната?
3. Опиши како изгледа главниот лик.
4. Раскажи ја приказната на мама и тато.
5. Нацртај го твојот омилен дел од приказната.

Одделенски наставник:

Милева Богданова